Врз основа на член  22, став,1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа ( ,,Сл.весник на РМ " бр.5/02) член 157 и 158 т од Законот  за основбно образование ( ,,Сл.Весник на Република Северна Македонија бр.169/19 ) чл.36 ст.1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр. 02/05) и чл. 21 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник бр. 02/05, 29/14 и 73/17) Советот на општина Лозово на седницата одржана на ден  **12.**12.2022 година донесе:

# Програма

# за активностите на општина Лозово во областа на Образованието во 2023 година

## 1. ВОВЕД

Преку оваа Програма во Општина Лозово се остварува основното начело  Секое дете има право на бесплатно и квалитетно основно воспитание и образование во основното училиште. Општина Лозово тежнее во согласно со Законот за Основно образование во Основното Општинско Училиште Методи Митевски – Брицо во Лозово, основното образование да се развива врз основните начела и истите ги спроведува и тоа најдобар интерес и целосен развој на ученикот, еднаквост,достапност, пристапност и инклузивност, општообразовен карактер на основното образование, обезбедување на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата, подготвување на ученикот за доживотно учење, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите , интеркултурно и мултикултурно образование, грижа за физичка безбедност и здравје, автономност, компетентност и одговорност и партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа.

## 2. ЦЕЛИ

Основните цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Лозово кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието,
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,
- Планирање на развојот на образованието,
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес

## 3. АКТИВНОСТИТЕ

Активностите на Општина Лозово во областа на образованието во 2023 година ќе бидат насочени кон потикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

| Реден број | Субјект | Планирани средства |
|---|---|---|
| 1. | Манифестации и настани организирани во училиштето | 20.000 денари |
| 2. | Прогласување за гордост на генерацијата | 10.000 денари |
| 3. | Подршка на талентираните ученици за учество на натпревари | 20.000 денари |
| 4. | Прогласување на ученик на генерација | 6.000 денари |
| 5. | Вредносен ваучер за секое прваче | 100.000 денари |
| 6. | Стипендии за ученици за учебната 2022/2023 и 2023/2024<br>-2 стипендии за ученици во средно образование<br>и 2 стипендии за студенти за 2023/2024 година | 38.000 денари за учебната 2022/2023 година<br>34.000 денари за учебната 2023/2024 година |
| 7. | Реконструкција на објекти | 322.000 денари |
| **Вкупно:** | | **550.000 денари** |

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата од Буџетот на Општина Лозово за 2023 година, од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија , сопствени приходи на училиштата и од донации. При реализиррање на Програмата Советот на Општина Лозово ќе ги подржи институции и граѓанските организации кои ќе реализираат проекти од областа на образованието, финансиран и од дрги инвеститори- заинтересираните партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

## 5. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид подршка со кадри и опрема со која располага општината,
- Создвање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,
- Создвање услови за целосна опфатеност со интернатско сместување на учениците
- Вклучување на општината во проекти во МОН, странски и домашни донатори.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,, Службен Гласник на општина Лозово" а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Дата: **12.12.2022 година** **Совет на Општина Лозово**

**Претседател на Совет на Општина Лозово**

**Изготвил: Помлад соработник за планирање и извршување на буџетот**

**Тања Миташевска**

_______________________________

Владе Миланов